# „Четири особини го прават човекот лицемер во целост, а оној кој поседува една од нив има особина на лицемерство сè додека не ја напушти: кога му се доверува – изневерува, кога зборува – лаже, кога се обврзува – го прекршува договорот, и кога расправа – ги преминува границите.“

Абдулах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Четири особини го прават човекот лицемер во целост, а оној кој поседува една од нив има особина на лицемерство сè додека не ја напушти: кога му се доверува – изневерува, кога зборува – лаже, кога се обврзува – го прекршува договорот, и кога расправа – ги преминува границите.“

[صحيح] [متفق عليه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил за четири особини, кои доколку доминираат кај некој муслиман, тој станува сличен на лицемерите поради нив. Ова важи за оние кај кого овие особини преовладуваат; ако пак се појавуваат, но ретко, нема да се смета за вистинско лицемерство. А тоа се: 1. Кога зборува – намерно лаже и не ја зборува вистината. 2. Кога ветува – не го исполнува своето ветување и ја изневерува довербата на соговорникот. 3. Кога се обврзува – не го исполнува договорот што го склучил. 4. Кога се расправа – станува жесток, се оддалечува од вистината, обидува сè да ја искриви, и изговара невистини и лаги. Лицемерството значи да се прикажува нешто што е спротивно на она што се крие. Овој вид лицемерство се манифестира во односот кон оние со кои зборува, ветува, доверува, расправа или склучува договор, но тоа не значи дека е лицемер во основата на исламот – односно, дека искажува ислам, а во срцето го крие неверството. Оној што поседува некоја од овие особини, кај него постои особина на лицемерство сè додека не се ослободи од неа.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee